35717

*изложби*

# НОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ТАПИСЕРИЈАТА

**(ЗА ИЗЛОЖБАТА „СОВРЕМЕНА ПОЛСКА ТАПИСЕРИЈА" ВО МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ)**

Во рамките на меѓународната соработка веќе подолго време во Музејот на современата уметност во Скопје е отворена интересна изложба од онаа област на ликовното изразување, чии што резултати поретко имаме можност да ги проследиме. „Современа полска таписерија", како што е и насловот на изложбата, ни ги презентира остварувањата на оние полски уметници кои што, пред сè, се интересираат за изнаоѓање нови материјали и начини на неговото ликовно моделирање. Во 60-тите години полската таписерија стана позната во светот, пред сè, преку извонредните остварувања на Магдалена Абаканович која за жал не е застапена на изложбата.

Покрај веќе познатите центри за таписерија во Полска кои што имаат една долга традиција (Варшава, Лоѓ, Вроцлав, Краков) во последно време нов и динамичен центар за експериментална ткаенина стана Гожов, каде што се испитуваат можностите на вклучување на синтетички и други вештачки материјали во процесот на изработка на таписеријата. Користејќи го вештачкото влакно како основен материјал за своите дела тие создадоа моќне интересни остварувања кои што, главно, се концигирани како ѕидни композиции од релјефно неправилни форми, со фактура слична скулптурата и со еден широк колористички и тонски спектар.

Тенденцијата за навлегување во просторот иницирана, е не само со геометриските облици и со пластичната структура, туку и со начинот на поставување на колоритот и тонските премини.

Овие експонати не само во однос на обликот и формата туку, пред сè, во однос на материјалот, значат битни промени во современата полска таписерија, навестувајќи и одредени поместувања во поглед на сфаќањето на просторот во кој што се поставени. Покрај синтетичките влакна најчесто се применети кожата, сизелот, ленот и конопот. Обидувајќи се да ги соединат структурите на вештачките и природните материјали доведувајќи ги често до дијалог меките и грубите структури, уметниците како што се Далецка, Колачковска, Ковалевски, Олесјак и други уметници со истенчен усет за композицијата и за својствата и можностите на самиот материјал, создадоа дела кои што зборуваат за едно поинакво пластично размислување и за по слободно сфатена форма.

Како реципроцитет за оваа изложба, идната гонина се очекува организирање на изложба на современа македонска таписерија во Полска.

**Викторија ВАСЕВСКА — ДИМЕСКА**

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 7, III, 1988, 7654, 